Врз основа на член 38 став (1) точка 13 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана 26.12.2024 година донесе

**ПРОГРАМА**
**за одржување на јавното осветлување во**
**Општина Гевгелија за 2025 година**

## 1.Општи одредби

Програмата се изготвува со цел да се утврдат активностите за функционирање на јавното осветлување на подрачјето на општина Гевгелија во 2025 година, како и потребните финансиски средства за спроведување на истата.

**- Функционирањето на јавното осветлување опфаќа:**

- потрошувачка на електрична енергија
- материјали за одржување на јавно осветлување
- финансиски средства.

**- На јавното осветлување се врши редовно одржување кое опфаќа:**

-замена на прегорени и искршени светилки со поставување на лед светилки
- замена на заштитни стакла и нивно чистење
- замена на други елементи на сијалично место
-подесување на уредите кои служат за автоматско палење и гаснење на електричните светилки (ден/ноќ), кои се оштетени
-ослободување на светлосните тела од вегетација
-проширување на уличната мрежа со поставување на нови улични светилки.

## 2.Одржување на јавното осветлување

Одделението за комунални работи и локални патишта на општина Гевгелија ја следи состојбата со уличното осветлување и навремено превзема мерки за подобрување на состојбата, како во градот така и во населените меса во општината. Контролата на уличното осветлување се врши два пати неделно (ноќе) и по констатирана состојба се врши замена на прегорените сијалици.

Дефектите на јавното осветлување при навремена пријава се остранувaaт истата вечер.Се постапува и по поединечни барања на граѓани кои писмено или усно се обраќаат до општинската администрација или преку Систем 48.

По спроведената тендерска постапка избрана е најповолната понуда и на 24.07.2024 год. е склучен договор бр.03-024/1 со **АБА ПЕЛИВАНОВ ДООЕЛ с.Фурка, Дојран.** Набавката и монтажата се врши по потреба континуирано во текот на цела година и не се создаваат залихи од материјали.

Одржувањето на уличното осветлвуање се спроведува како во градот, така и во сите населени места во општината и во планинските туристички места Конско, Хума, Серменин и Смрдлива вода.

Со ваквиот начин на работење ефикасноста е значително зголемена и во моментов уличното осветлување во цела општина е во добра состојба.

Во период од една година на јавното осветлување во општина Гевгелија има поставено нови 224 сијалични места.

**-Степеност на уреденост на населените места со јавното осветлување по број и вид на светилки е следниот:**

| **Населено место** | **Вкупно** |
|---|---|
| **Гевгелија** | |
| лед сијалица 16-18 вати | 1872 |
| лед арматури 100 вати | 222 |
| лед арматури 150 вати | 131 |
| лед арматури 50 вати | 297 |
| лед арматури 30 вати | 44 |
| лед рефлектори 100 вати | 49 |
| лед рефлектори 50 вати | 3 |
| лед панел 30 вати | 70 |
| **Гевгелија вкупно:** | **2688** |

| | |
|---|---|
| **Негорци** | |
| лед сијалица 16-18 вати | 288 |
| лед арматури 100 вати | 13 |
| лед рефлектори 100 вати | 13 |
| лед арматури 150 вати | 10 |
| лед арматури 50 вати | 5 |
| **Негорци вкупно:** | **329** |
| **Богородица** | |
| лед сијалица 16-18 вати | 168 |
| лед рефлектори 100 вати | 13 |
| лед арматури 150 вати | 3 |

| | |
|---|---|
| лед рефлектори 50 вати | 4 |
| **Богородица вкупно:** | **188** |
| **Мрзенци**<br>лед сијалица 16-18 вати<br>лед рефлектори 50 вати<br>лед арматури 50 вати | <br>95<br>2<br>27 |
| **Мрзенци вкупно:** | **124** |
| **Прдејци**<br>лед сијалица 16-18 вати<br>лед рефлектор 100 вати<br>лед рефлектор 50 вати<br>лед арматури 150 вати | <br>96<br>10<br>2<br>1 |
| **Прдејци вкупно:** | **109** |
| **Моин**<br>лед сијалица 16-18 вати<br>лед рефлектор 100 вати | <br>78<br>2 |
| **Моин вкупно:** | **80** |
| **Ново Конско**<br>лед сијалица 16-18 вати<br>лед рефлектор 100 вати | <br>60<br>2 |
| **Ново Конско вкупно:** | **62** |

| | |
|---|---|
| **Кованец**<br>лед сијалица 16-18 вати<br>лед рефлектор 50 вати | <br>41<br>2 |
| **Кованец вкупно:** | **43** |
| **Серменин**<br>лед сијалица 16-18 вати | <br>71 |
| **Серменин вкупно:** | **71** |
| **Старо Конско**<br>лед сијалица 16-18 вати | <br>41 |
| **Старо Конско вкупно:** | **41** |
| **Смрлива вода**<br>лед сијалица 16-18 вати | <br>92 |
| **Смрдлива вода вкупно:** | **92** |
| **Хума**<br>лед сијалица 16-18 вати | <br>119 |

| | |
|---|---|
| **Хума вкупно:** | **119** |
| **Миравци**<br>лед сијалица 16-18 вати<br>лед арматури 100 вати<br>лед рефлектори 100 вати<br>лед арматури 50 вати | <br>344<br>25<br>8<br>19 |
| **Миравци вкупно:** | **396** |

| | |
|---|---|
| **Милетково**<br>лед сијалица 16-18 вати | <br>57 |
| **Милетково вкупно;** | **57** |
| **Петрово**<br>лед сијалица 16-18 вати | <br>66 |
| **Петрово вкупно:** | **66** |
| **Смоквица**<br>лед сијалица 16-18 вати | <br>47 |
| **Смоквица вкупно:** | **47** |
| **Габрово**<br>лед сијалица 16-18 вати | <br>21 |
| **Габрово вкупно:** | **21** |
| **Давидово**<br>лед сијалица 16-18 вати | <br>132 |
| **Давидово вкупно:** | **132** |
| **Општина Гевгелија вкупно:** | **4666** |

**-Табеларно претставени по видови на светилки за општина Гевгелија**

| Ред.бр. | Општина Гевгелија | Вкупно |
|---|---|---|
| 1. | лед сијалица 16-18 вати | 3688 |
| 2. | лед арматура 30 вати | 44 |
| 3. | лед рефлектор 100 вати | 97 |
| 4. | лед арматура 100 вати | 260 |
| 5. | лед арматура 150 вати | 145 |
| 6. | лед арматура 50 вати | 321 |
| 7. | лед рефлектор 50 вати | 14 |
| 8. | лед панел 30 вати | 70 |

Набавката и монтажата на материјалите ќе се вршат согласно Законот за јавни набавки. Изборот на најдобар понудувач за одржување на јавно осветлување го врши Комисијата за јавни набавки на општинската администрација Гевгелија на јавен тендер.

**3.Финансирање на јавното осветлување**

За функционирање на јавното осветлување ќе се обезбедат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2025 година од програмта ЈЗ и тоа
-за потрошена електрична енергија 4.500.000 денари
- материјали за одржување на јавното осветлување 8.000.000 денари
-други оперативни расходи 400.000 денари
**Вкупно средства за реализација 12.900.000,оо денари.**

Оваа програма влегува на сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1606/1
26.12.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх**

**с.р.**